Атлетска федерација на Северна Македонија
Натпреварувачка комисија

**П Р О П О З И Ц И И**
ЗА АТЛЕТСКИ НАТПРЕВАРИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

*Извршен одбор на АФСМ*

Претседател:
Александра Војнеска Зикова

Натпреварувачка комисија на АФСМ
Александар Симеонов
Ѓорѓи Чадкиовски
Мирослав Бошковиќ
Џенан Хајдари
Маријан Нојковски

Канцеларија на АФСМ

Октомври 2021 година
Скопје

| СОДРЖИНА | |
|---|---|
| 1. ВОВЕД | 3 |
| 2. СТАРОСНИ КАТЕГОРИИ | 4 |
| 3. ОГРАНИЧУВАЊА | 5 |
| 4. ОПШТИ ОДРЕДБИ | 6 |
| 5. ДОЗВОЛА ЗА НАСТАП, ПРИЈАВИ И ОДНЕСУВАЊА НА НАПРЕВАРУВАЊЕ | 7 |
| 6. ЗДРАВСТВЕНА ЗА ЗАШТИТА НА ОСИГУРУВАЊЕ И ОСИГУРУВАЊЕ | 8 |
| 7. АНТИ-ДОПИНГ КОНТРОЛА | 8 |
| 8. КОНКУРС-УСЛОВИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ НА АФМ | 9 |
| 9. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОРГАНИЗАТОРОТ | 9 |
| 10. ЖДРЕБУВАЊЕ И СТАРТНА ЛИСТА | 10 |
| 11. ТЕХНИЧКИ СОСТАНОК | 10 |
| 12. ПРИЈАВЕН ЦЕНТАР | 10 |
| 13. ОБВРСКА НА УЧЕСНИЦИТЕ НА НАТПРЕВАРОТ | 11 |
| 14. СЛУЖБЕН ПРЕСТАВНИК НА КЛУБ | 12 |
| 15. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ТЕХНИЧКИ ДЕЛЕГАТ НА АФМ | 12 |
| 16. ЖАЛБИ И ПРИГИВОРИ | 14 |
| 17. ГЛАВНИ СУДИИ - ЗБОР НА АТЛЕТСКИ СУДИИ НА АФМ (ЗАС-АФМ) | 14 |
| 18. ВРХОВНА СУДИСКА КОМИСИЈА | 15 |
| 19. ДИСЦИПЛИНСКИ ОДРЕДБИ | 15 |
| 20. ПРОТОКОЛ - ОБВРСКА НА ОРГАНИЗАТОРОТ | 16 |
| 21. ПОЕДИНЕЧНИ ПРВЕНСТВА НА МАКЕДОНИЈА | 16 |
| 22. ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ВО ПОЛУМАРАТОН (21.097М) МАРАТОН (42, 195М) | 18 |
| 23. ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ВО КРОС | 18 |
| 24. ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ВО ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ | 19 |
| 25. ТАБЕЛАРНО ПОКАЖУВАЊЕ ПО ДИСЦИПЛИНА НА ПОЕДИНЕЧНИ ПРВЕНСТВА НА МАКЕДОНИЈА | 20 |
| 26. ПОЕДИНЕЧНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ЗА СЕНИОРИ - СЕНИОРКИ | 21 |
| 27. ЕКИПНО ПРВЕНСТВО НА МАДЕКОНИЈА ЗА СЕНИОРИ - СЕНИОРКИ | 22 |
| 28. ПОЕДИНЕЧНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ЗА МЛАДИНЦИ-МЛАДИНКИ | 23 |
| 29. ПОЕДИНЕЧНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ЗА МЛАДИ МЛАДИНЦИ-КИ | 24 |
| 30. ПОЕДИНЕЧНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ЗА ПИОНЕРИ-ПИОНЕРКИ | 25 |
| 31. ПОЕДИНЕЧНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ЗА МЛАДИ ПИОНЕРИ-МЛАДИ ПИОНЕРКИ | 25 |
| 32. ПОЕДИНЕЧНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ВО ПОВЕЌЕБОЈ | 26 |
| 33. КУПОВИ НА МАКЕДОНИЈА | 27 |
| 34. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДИСЦИПЛИНИТЕ ЗА КУПОВИТЕ НА МАКЕДОНИЈА | 28 |
| 35. КУП НА МАКЕДОНИЈА ЗА СЕНИОРИ-КИ | 29 |
| 36. КУП НА МАКЕДОНИЈА ЗА МЛАДИНЦИ-КИ | 30 |
| 37. КУП НА МАКЕДОНИЈА ЗА ПИОНЕРИ-КИ | 31 |
| 38. КУП НА МАКЕДОНИЈА НА 10 000 МЕТРИ | 31 |
| 39. БОДУВАЊЕ ЗА КУПОВИ НА МАКЕДОНИЈА И ЕКИПНИ ПРВЕНСТВА | 32 |
| 40. ПРОПОЗИЦИИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА АТЛЕТСКИ ПРИРЕДБИ НАДВОР ОД АТЛЕТСКА ПАТЕКА | 33 |
| 41. АТЛЕТСКИ МИТИНЗИ | 33 |
| 42. ПРЕВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ЗА ВЕТЕРАНИ | 34 |
| 43. ПОЕДИНЕЧНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ЗА ВЕТЕРАНИ ВО КРОС | 35 |
| 44. КУП НА МАКЕДОНИЈА ВО ФРЛАЧКИ ДИСЦИПЛИНИ | 35 |
| 45. ТАБЕЛАРНО ПОКАЖУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ КАЈ ТРКИТЕ СО ПРЕЧКИ | 36 |
| 46. ТАБЕЛАРНО ПОКАЖУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ КАЈ ФРЛАЧКИТЕ ДИСЦИПЛИНИ | 37 |
| 47. АТЛЕТСКИ КЛУБ - ПРИЈАВА | 38 |
| 48. ДРЖАВЕН РЕКОРД – ЗАПИСНИК | 39 |

## 1. ВОВЕД

Правила – Пропозиции за атлетски натпревари

Пропозициите за натпревари на Атлетската федерација на Северна Македонија ( во понатамошен текст АФСМ ) се применуваат на натпревари со кои непосредно раководи натпреварувачката комисија на АФСМ .

Натпреварите се делат на :

- Поединечни натпревари
- Куп натпревари
- Екипни натпревари
- Поединечно – екипни натпревари

1. Национални поединечни првенства
   - Национални поединечно првенство за Сениори
   - Национални поединечно првенство за Младинци
   - Национални поединечно првенство за Млади Младинци
   - Национални поединечно првенство за Пионери
   - Национални поединечно првенство за Млади Пионери
   - Национални поединечно првенство во повеќебој за сите категории
   - Национални поединечно првенство за ветерани
   - Национални поединечно првенство во крос кантри за сите категории
   - Национални поединечно првенство во планинско трчање
   - Национални поединечно првенство во Маратон
   - Национални поединечно првенство во Полумаратон

2. Национални купови
   - Национален Куп за Сениори
   - Национален Куп за Младинци
   - Национален Куп за Пионери
   - Куп на 10 000 м на стадион
   - Куп во фрлачки дисциплини
   - Куп на 10км на пат

3. Национални екипни првенства
   - Национално екипно првенство за Сениори-ки
   - Национално екипно првенство во крос – кантри
   - Национално екипно првенство за млади пионери

4. Атлетски турнири - митинзи
   - Турнир во штафетно трчање
   - Турнир во скокачки дисциплини
   - Турнир за деца и Детска атлетика

Карактерот на натпреварo во секој одделен случај се опредлува со Одредба.

## 2. **СТАРОСНА КАТЕГОРИЈА**

Учесниците на натпреварите се делат на возрасни категории. Се определува по година на раѓање.

| | | возраст |
|---|---|---|
| Сениори | С | над 19 години и постари |
| Млади Сениори | МС | 20-21-22 години |
| Младинци | М | 18 - 19 години |
| Млади Младинци | ММ | 16 -17 години |
| Пионери | П | 14 -15 години |
| Млади пионери | МП | 12-13 години |
| Деца | Д | Под 12 години |
| Ветерани | В | Над 35 (40 години на пат) |

Преминување во следна старосна категорија се остварува на почеток на новата календарска година.
Почетна година со право на настап на натпреварите на АФСМ е категорија деца со навршени (10 години) во календарската година.

Се препорачува примена на овие Пропозиции и за останатите натпревари организирани на територија на Северна Македонија, митинзи на стадион, атлетски натпревари надвор од стадион, натпревари за ветарани, натпревари во крос кантри, улични трки и натпревари во планинско трчање .

Овие Пропозиции покрај основната намена за регулирање на системот на натпревари на АФСМ , ќе послужаат на клубовите, организаторите, учесниците на натпреварот како информатор, спроведување и учество на натпреварите.

Натпреварите од овие Пропозиции се одржуваат по правила за натпревари на АФСМ и **WA**.

**3. ОГРАНИЧУВАЊА :**

Пропозициите за Атлетски натпревари на АФСМ ги пропишуваат следниве ограничувања за настап на натпревари :

3.1 ОПШТИ ОГРАНИЧУВАЊА :

- Натпреварувачи/ки во натпреварувачката година од програмта на АФСМ може да настапи во својата, една и две стартосни категории повеќе, во согланост со ограничувањата.
  - Како старосна категорија не се рачуна млад сениор .
- Натпреварувачи-ки под 12 години имаат право на настап само на НП Млади пионери .
- Млад-а пионер-ка во една календарска година на Републички натпревар може да настапуваат во својата и ДВЕ ПОГОРНИ категории , за останатите категории нема ограничување .
- Ако натпреварувачи-ки од одредена старосна категорија настапат на натпреварот во поголема старосна категорија , за нив важат ограничувањата согласно старосна категорија , во поглед на број на дисциплини во кои можат да настапат , тежина на справа , должина на патека , висина на пречки.
- По посебно барање од клубот Натпреварувачката комисија може да дозволи право на настап и надвор од конкуренција доколку дозволуваат техничките услови , во посебни групи со најмалку 3ца натпреварувачи во дисциплините 100 м и 400 м . Во дисциплините 800м и повеќе потребно е да има најмалку 4ца натпреварувачи , за да се формира посебна група . Во техничките дисциплини ќе бидат запишани како последни на крајот на серијата .
- Доколку во ист термин се одржуваат натпревари за две старосни категории , еднодневен или дводневен натпревар , натпреварувач-ка има право да настапи на еден натпревар во една старосна категорија .

3.2 ПОСЕБНИ ОГРАНИЧУВАЊА :

СЕНИОРИ – СЕНИОРКИ / ПОМЛАДИ СЕНИОРИ – ПОМЛАДИ СЕНИОРКИ

- Во еден ден може да настапат во две дисциплини и една штафета .
- Од две дозволени дисциплини, само една може да биде трчање на 800м , или подолга .
  ( Пример : 800м и 1500м не може во ист ден, 800м и 400м може )
- Натпреварувач кој ќе учествува на 1500м или повеќе , може да настапи во штафетна трка .

ПОМЛАДИ СЕНИОРИ – ПОМЛАДИ СЕНИОРКИ

- Право на настап имаат натпреварувач-ка кои на календарска година во која настапуваат имаат 20 – 21 или 22 години .

МЛАДИНЦИ - МЛАДИНКИ

- Се натпреварувач-ка кои до крајот на календарска година во која настапуваат не наполнат 20 години
- Во еден ден може да настапи во две дисциплини и една штафета
- Од две дозволени дисциплини само една може да биде трчање на 800м , или подолга .
  ( Пример : 800м и 1500м не може во ист ден , 800м и 400м може )
- Натпреварувач кој ќе учествува на 1500м или повеќе , може да настапи во штафетна трка .

ПОМЛАДИ МЛАДИНЦИ – ПОМЛАДИ МЛАДИНКИ

- Се натпреварувач-ка кои до крајот на календарска година во која настапуваат не наполнат 18 години
- Во еден ден може да настапи во две дисциплини и една штафета
- Натпреварувачи-ки кои ќе учествуваат на 800м или подолга дисциплина во трчање во еден ден , не може да настапи во друга дисциплина освен штафета
- Натпреварувач кој ќе учествува на 1500м или повеќе , не може да настапи во штафетна трка .
- Млади младинци-ки кои настапуваат во две постари категории не можат да настапат во одредени дисциплини , и тоа :

Мажи : 110м пр , 5000м, 10000м, 3000м стипл, Ѓуле - 7.26кг., Диск – 2кг. , Кладиво - 7.26кг.
Жени : 5000м, 10 000м, 3000м стипл.

ПИОНЕРИ – ПИОНЕРКИ

- Се натпреварувач-ка кои до крајот на календарска година во која настапуваат не наполнат 16 години
- Во еден ден може да настапи во две дисциплини и една штафета
- Натпреварувачи-ки кои ќе учествуваат на 600м или подолга дисциплина во трчање во еден ден , не може да настапи во друга дисциплина вклучувајќи и штафета
- Пионери кои настапуваат во две постари категории не можаат да настапат во одредени дисциплини , и тоа :

Мажи : 110м пр , 400м пр, 5000м, 10000м, 3000м стипл, скок со стап, ѓуле -6кг , диск - 1.75кг , кладиво - 6кг , копје - 800гр .
Жени : 100м пр , 400м пр, 5000м, 10000м, 3000м стипл, скок со стап, копје - 600гр .

ПОМЛАДИ ПИОНЕРИ – ПОМЛАДИ ПИОНЕРКИ

- Се натпреварувач-ка кои до крајот на календарска година во која настапуваат не наполнат 14 години
- Во еден ден може да настапат во две дисциплина и една штафета
- Натпреварувачи-ки кои ќе учествуваат на 600м или подолга дисциплина во трчање во еден ден , не може да настапи во друга дисциплина вклучувајќи и штафета
- Помлади Пионери-ки кои настапуваат во две постари категории не можаат да настапат во одредени дисциплини , и тоа :

Мажи : 110м пр , 400м пр, 5000м, 10000м, 3000м стипл, скок со стап, ѓуле - 5кг , диск - 1.50кг , кладиво - 5кг , копје - 700гр.
Жени : 100м пр , 400м пр, 5000м, 10000м, 3000м стипл, скок со стап, копје - 600гр .

ДЕЦА

- Се натпреварувач-ка кои до крајот на календарска година во која настапуваат не наполнат 12 години
- Во еден ден може да настапат во две дисциплина и една штафета ( со посебно ограничување кое следи ) да бидат во две различни групи на дисциплини (на пр, трчање и скокање, трчање и фрлање, скокање и фрлање )
- Натпреварувачи-ки кои ќе учествуваат на 400м или подолга дисциплина во трчање во еден ден , не може да настапи во друга дисциплина вклучувајќи и штафета

Натпреварувач/ка кој на натпреварот ќе настапи во повеќе дисцилини од дозволеното ќе биде дискфаливикуван во најдобрите дисциплини:
а) со одлука на Техничкиот делегат на АФСМ на самиот натпревар
б) Со одлука на Натпреварувачка комисија на АФСМ, во случај да Техничкиот делегат тоа да не го сторил на самиот натпревар

## 4. ОПШТИ ОДРЕДБИ

4.1. Сите Атлетските натпревари во Република Северна Македонија од програмта на АФСМ се реализираат согласно Правилата на WA , EA и АФСМ и одредбите од овие пропозиции

4.2. Системот на Национални првенства го утврдува извршниот одбор на АФСМ , а го спроведува натпреварувачка комисија на АФСМ .

4.3. Извршниот Одбор на АФСМ ги утврдува пропозициите и календарот за атлетските натпревари на предлог на натпреварувачка комисија на АФСМ .

4.4. Одговорен за спроведување на пропозициите е натпреварувачка комисија на АФСМ , а на самиот натпревар е Технички делегат .

4.5. Толкување на пропозициите има Извршниот одбор на АФСМ, Помеѓу две седници толкувач е Натпреварувачка комисија на АФСМ а на самиот натпревар е Техничкиот делегат.

4.6. Функцијата технички делегат на натпревар исклучиво ја вршат членови на Натпреварувачка комисија или афирмирани атлетски работници – функција најмалку национален атлетски судија кој го одредува натпреварувачка комисија на АФСМ .

4.7. Регистрирани атлетичари/ки во текот на една натпреварувачка година може да настапуваат само за еден атлетски клуб.

4.8. Одлуката за промена на терминот за натпревар ја донесува натпреварувачката комисија на АФСМ во согласност со извршниот одбор на АФСМ .Во случај на непогодно време за времетраење на натпреварот, делегатот на Натпреварувачка комисија на АФСМ може да донесе одлука за одложување на натпреварот .

4.9. Саатницата за натпреварот дадена во пропозициите е прелиминарна . Одлуката за евентуална промена на саатницата донесува Натпреварувачка комисија , а на самиот натпревар Техничкиот делегат зависно од условите.

4.10. Организаторот на натпревар , согласно пропозициите , одредува И.О. на АФСМ , на предлог на Натпреварувачка комисија , се спроведува конкурс за организатор на натпревари , а во согласност со понудените услови во рок од 30 дена се одредува организатор на натпреварот .

4.11. После донесена одлука за место и технички организатор на натреварот , овластено лица од АФСМ може да склучи договор со технички организатор најдоцна 30 дена пред одржувањето на натпреварот .

4.12. Во договорот се утврдуваат правата и обврските на организаторот , и правата и обрските на АФСМ .

4.13. Во случај организаторот да се откаже од организација или во случај организаторот во време на подготовка на натпреварот не се придржува согласно условите од правилата и пропозициите за атлетски натпревар , по предлог на натпреварувачка комисија , И.О. одредува нов организатор помеѓу останатите учесници на конкурсот или друга атлетска организација која ја прифаќа организацијата и која ги исполнува условите .

4.14. Во случај да се постигне државен рекорд , организаторот на натпреварот заедно со техничкиот делегат должни се да направат записник за рекорд . (во прилог на овие пропозиции)

4.15. Организаторот е должен во рок од 24 часа по завршување на натпреварот да објави неслужбени резултати , натпреварувачката комисија е должна во рок од 72 часа по добиениот записник и извештај од техничкиот делегат и делегатот на судии на натпреварот , да ги верифицира постигнатите резултати евентуално и бодовите и да објават официален билтен . Еден примерок се доставува и во канцеларија на АФСМ .

4.16. Со овие пропозиции мораат да се запознаат учесниците на натпреварот , спортските работници кои учествуваат во спроведување на натпреварот ( организаторот , натпреварувачи , атлетски судии , тренери и сите останати лица кои се ангажирани во атлетскиот спорт) .

## 5. ПРАВО ЗА НАСТАП , ПРИЈАВИ И ОДЈАВА НА НАТПРЕВАРУВАЧИ

5.1. Право на настап на натпреварите на АФСМ имаат атлетичари/ки државјани на Р.С.М кои се регистрирани и перерегистрирани во атлетски клуб член на АФСМ , со услов да имаат натпреварувачка легитимација и кои од страна на својот клуб се уредно пријавени . Пријавата треба да биде приложена до определениот термин .

5.2. Право на настап на сите натпревари се стекнува осмиот ден од денот на регистрација.

5.3. Докажување на членството на државен натпревар се врши со основната единствена легитимација која ја издава АФСМ , со задолжителен ЛЕКАРСКИ ПРЕГЛЕД.

5.4. Врз основа на Пријавата на натпреварувачите им се дозволува настап на натпреварите . Пријавите треба да бидат приложени до определен термин .

5.5. Пријавите треба да содржат : стартен број , име и презиме , година на раѓање , име на клуб ,дисциплина во која ќе настапат , најдобар резултат , потпис и печат на овластено лице .

5.6. Атлетичар да има право на настап на натпревар од АФСМ мора , неговиот клуб да има уплатено годишна котизација утврдена од И.О. на АФСМ .

5.7. Странски државјани се регистрираат во согласност со правилата на WA и правилник за регистрација на атлетичари .

5.8. За странски државјани важи посебно ограничување , и тие можаат да учествуваат на Куп натпревари ( Сениори ) вкупно во две дисциплини , и еден клуб може да регистрира намногу 2ца странски државјани во категорија на еден натпревар .

5.9. Доколку се утврди дека на поединечните национални првенства учествувал поединец , кој според овие пропозиции и немал право , неговиот резултат се брише а натпреварувач-ката автоматски се суспендира . Против натпреварувач-ка , клубот и тренерот , се покренува дисциплинска постапка , за која одлучува натпреварувачката комисија , на предлог на Техничкиот делегат или по службена должност .

5.10. Приговор – Жалба на одлука на Технички делегат на натпреварот се поднесува до натпреварувачка комисија во рок од 48 часа од одредување на казната . Второ степена жалба на одлуката на Натпреварувачка комисија , се поднесува во рок од 8 дена до И.О. на АФМ.

5.11. Задолжително е настап во клубска опрема , се забранува настап на национален натпревар во опрема од репрезентација ( тренерка , маица , шорц и тн. ).

5.12. Отсуство на натпреварувач се смета ако достави , писмена лекарска белешка во случај на повреда или болест или повреда се докажува 1 час пред почетокот на натпреварот . Исто така од објективна спреченост ( сообраќајна незгода , доцнење на автобус или воз и сл. ) Во тој случај организаторот нема право да наплати стартнина .

5.13. Во спорни случаи за оправдано отсуство одлучува Делегатот на АФСМ .

5.14. Во случај на настап надвор од Р. С. Македонија натпреварувач-ка преку својот клуб е должен да побара дозвола за настап во или надвор од конкуренција ( во зависност од натпреварот ) од Матичната федерација т.е. АФСМ , која до Странската Атлетска федерација каде се одржува натпреварот ќе испрати пријава , во спротивно остварениот резултат-и се подлежни на санкција , како и натпреварувачот и клубот .

5.15. За потребите на Атлетската федерација , селекторот може да поднесе барање до натпреварувачка комисија или Делегатот на натпреварот да во склоп на Национално првенство се оддржи контролен или изборен натпревар / дисциплина . Натпреварувачка комисија на АФСМ и Делегатот на натпреварот во зависност од техничките можности ги одобруваат барањата . Во случај на одобрување на измени и дополнувања на саатницата , во Дописот за натпреварот се информира за критериумот кој се предлага , додека пријавата ја поднесува матичниот клуб .

5.16. Во одредени случаи Натпреварувачката комисија може да дозволи настап на странски натпреварувачи , нерегистрирани во клубови во АФСМ , на натпреварите од програмата на АФСМ . Молба за настап надвор од конкуренција на странски државјани ја поднесува Националната федерација од државата од која се пријавува странскиот атлетичар-и .

5.17. За натпревари на кои услов за учество е норма : клубот е должен во пријавата да наведе на кој натпревар е исполнета нормата .

5.18. Пријавата клубот е должен да ја достави и до канцеларијата на АФСМ а во истиот термин и кај организаторот на пропишан ОБРАЗЕЦ. На основа на сите пријави Техничкиот делегат на АФСМ може да внесе натпреварувач-ка на натпреварот да учествува иако организаторот не добие пријава од клубот учесник .
5.19. Пријавата која не е доставена во рокот не се прифаќа , организаторот нема никакви обврски кон клубот и сите трошоци си ги сноси клубот кој ги испраќа атлетичарите .
5.20. Ако во пријавата нема запишан резултат организаторот има право да ги распореди натпреварувачите-ките во група и стаза по свое видување .
5.21. ПРИЈАВАТА мора да биде потполнета на посебен образец , кој е во прилог на овие пропозиции .
5.22. На првенства , водачот на екипата може да направи промена во дисциплина во приемниот центар најдоцна 45 минути пред почетокот на дисциплината .
5.23. Водачот на екипата по барање на организаторот е должен да уплати кауција за примените старни броеви , а на крајот од натпреварот кога се враќаат стартните броеви се извршува враќање на кауцијата .
5.24. Водачот на екипата е должен пред почетокот на натпреварот кај Техничкиот делегат на АФМ да ги достави на увид легитимациите .
5.25. Натпреварувач за кого не е доставена уредно легитимација или нема извршено лекарски преглед , не може да настапи на натпреварот . Во случај натпреварувачот-ката да настапи и покрај забраната од Техничкиот делегат , резултатот и пласманот ќе бидат избришани , а клубот , водачот на екипата , тренерот и натпреварувачот ќе подлежат на дисциплинска одговорност .
5.26. Пријавата за штафетно трчање со редослед по измени се доставува 30 минути пред стартот. Промена на пријавени натпреварувачи по редослед повелкува дисквалификација и дисциплинска одговорност .
5.27. **Службени преставници на клубот , водачот на екипата , тренери , лекари , физиотерапевти и останати преставници на клубот за време на натпреварот не им е дозволено движење внатре на атлетскиот терен . На атлетскиот тререн дозволен е влез во посебни случаи на службениот преставник на клуб ( види поглавје 11 ).**

## 6. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ И ОСИГУРУВАЊЕ

6.1. Лекарски преглед е задолжителен за сите атлетичари и важи 6 месеци . За помлади од 14 години важи 4 месеци во согласнот со законот за спорт. Лекарски преглед се врши во спортска здравствена установа и други специјализирани здравствени установи доколку не постојат спортски здравствени установи.
6.2. Лекарски преглед е задолжителен за сите атлетичари и важи 3 месеца пред одржување на натпревар во следниве дисциплини : планиско трчање , ултрамаратон , маратон и полумаратон .
6.3. Технички делегат одобрува право на настап само на натпреварувачи кои имаат правовремено извршен лекарски преглед . Натпреварувачите легитимацијата мора да биде заверена со потпис од лекар , факсимил и печат од спортска здравствена установа .
6.4. За здравствена состојба на атлетичарите одговорен е клубот кој ги пријавува за натпреварот.
6.5. На атлетските клубови им се препорачува колективно осигурување за сите регистрирани атлетичари .

## 7. ДОПИНГ КОНТРОЛА

7.1. Допинг котрола може да се спроведе на сите натпревари од овие пропозиции во согласност со правилата на НАДА и ВАДА .
7.2. Извршниот одбор на АФМ може да донесе одлука за спроведување на анти-допинг контрола на сите натпревари од овие пропозиции , за што го известува организаторот на натпреварот со што би се подготвиле услови за спроведување на постапката за земање примерок за допинг контрола , согласно одредбите и правилата на WA .
7.3. Одлуката за вршење на анти-допинг контрола се соопштува на учесникот за време на натпреварот согласно одредбите и регулативите на НАДА и ВАДА .
7.4. Комисијата за допинг контрола по донесената одлука , може да спроведува допинг контрола и надвор од натпревари .
7.5. Комисијата за анти-допинг ги одредува атлетичарите , времето и местото кога ќе се изврши контролата . комисијата не е должна да ги извести Клубовите и атлетичарите претходно за својата одлука .
7.6. Доколку дојде до позитивен резултат Комисијата во согласност со правилата на WA спроведува постапка за суспензија, контролни анализи и соопштување , и му предлага на извршниот одбор на АФМ казнување ( согласно член 60 од правилникот на WA ) , и законот за спорт на Р.С. Македонија .
7.7. За соборување на Сениорски национален рекорд , се препорачува да се спроведе допинг тест во рок од 24 часа .

## 8. КОНКУРС – УСЛОВИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИ ПРВЕНСТВА НА АФМ

8.1. Национални првенства можат да организираат АФСМ , Атлетските клубови , градски атлетски сојуз , сојузи на спортови на градови , како и други спортски организации под услов натпреварот да се спроведе по правилата и пропозициите за атлетски натпревари на АФСМ , во согласност со атлетските клубови , и по склучениот договор со атлетската федерација на Северна Македонија .

8.2. За организирање на национално првенство , конкурс распишува натпреварувачка комисија на АФСМ по усвоени пропозиции и календар за натпревари . Конкурсот содржи технички,организациски и финансиски услови за оаганизирање на секој Републички натпревар , како и права и обврски на организаторот на натпреварот .

8.3. Конкурсот се доставува до атлетските клубови , останати атлетски и спортски организации .

8.4. Учесниците на конкурсот се должни да достават свои понуди до АФСМ , најдоцна до рокот предвиден во конкурсот . ( се препоачува Конкурсот да трае најдоцна до 31 јануари во тековната година).

8.5. Организаторот на натпреварот од овие пропозиции одредува И.О. на АФСМ , по спроведениот конкурс за организатор на натпревар , на предлог на натпреварувачка комисија , а во склад со понудените услови за конкурс , најдоцна во рок од 30 дена по крајот на рокот за конкурс .

8.6. За натпревари на стадион каде се одржуваат и фудбалски натпревари , организаторот треба да достави Согласност од управата на стадионот за натпреварот за кој се кандидира .

8.7. Организатор на натпреварот е должен да достави и потврда од регионалната судиска организација за обезбеден доволен број на атлетски судии за натпреварот .

8.8. Натпреварувачката комисија на АФСМ, поради специфични услови или во случај да нема пријавено никој на конкурсот за организиатор на натпревар , за организатор може да одреди и без распишување на конкурс.

## 9. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОРГАНИЗАРОТ

9.1. Организаторот на натпреварот има обврска после доделената организација веднаш да ги извести надлежните форуми во градот и да формира организационен обдор на натпреварот , кој ќе ги изврши претходните подготовки и ќе го спроведе самиот натпревар.

9.2. Организаторот на натпреварот е должен да именува раководтство на натпреварот со Директор на натпреварот согласно членовите 120,121,122,123 од Правилата за атлетски натпревари од WA .

9.3. Натпреварувачката комисија е должна да ги следи подготовките, а во случај на назавршена обврска , согласно договорот , доколку е потребно се одредува и нов организатор .

9.4. Организаторот е должен на сретствата за информација да обезбеди правовремени информации пред , за време и по завршување на натпреварот .

9.5. Организаторот е должен , 15 дена пред одржување да ги извести атлетските клубови за точно време на натпреварот , кога ќе започне , адреса на организаторот , број на телефон / факс , е – маил , име на одговорно лице за контакт и информации , технички услови за организација на натпреварот , услови за сместување и храна , број на жиро – сметка на која може да се уплати стартнина , како и останати информации кои се однесуваат на натпреварот .

9.6. Организаторот е должен да обезбеди доволен број на лиценцирани атлетски судии за натпреварот .

9.7. Главни судии по дисциплини треба да бидат судии со најмала функција национална категорија .

9.8. Организаторот има обврска за сите републички натпревари да обезбеди електронско мерење и апарат-уред за мерење на брзина на ветер .

9.9. Организаторот има обврска да им помогне на гостинските екипи или поединци да им овозможи стадион за тренинг ( еден ден претходно ) , сместување и слично .

9.10. Организаторот има обврска да обезбеди пристап до место каде што тренерот и натпреварувачите ќе имаат непречена комуникација .

9.11. Организаторот има обврска да обезбеди присуство на лекарска екипа , кола за итна помош и обезбедување од МВР .

9.12. На сите натпревари од програмата на АФСМ за време траење на натпреварот организаторот има обврска да обезбеди и истакне застава и знаме на Република С.Македонија и АФСМ.

9.13. Организаторот е должен и одговорен за подготвеноста и опременоста на атлетскиот објект , согласно правилата за натпревари и договорот за организација и заклучно одредбите од овие пропозиции .

9.14. Организаторот на натпреварот ги сноси комплетните трошкови за организација на натпреварот. Организаторот наплатува стартнина на секој учесник на натпреварот во вредност од ( утврден од И.О и или организаторот). Организаторот наплаќа и пенали за оние натпреварувачи кои се пријавени, а не учествуваат на натпреварот. Од вкупно наплатените пенали 50% се доделуваат на АФСМ и 50% на организаторот. Пеналите се со иста вредност како при наплатување на стартнината. Стартнината и пеналите може да не се наплаќаат доколку се донесе поинаква одредба.

9.15. Организаторот е должен да обезбеди чадори , маси ,столици , волонтери , електронско мерење
9.16. Организаторот на натпреварот има обврска да ги обезбеди и сите потребни услови за непречено спроведување и работа на Допинг контролата.

## 10. ЖДРЕБУВАЊЕ И СТАРТНА ЛИСТА

10.1. Распоредот на натпреварувачите во групи и ждребување на стартните места врши организаторот во присуство на Делегатот на АФЅМ , односно лице кое е овластено , притоа за распоредот на натпреварувачите во групи се почитуваат правлата на WA ,ТР( член 166 ) и правилата на АФСМ .
10.2. За промена на стартна листа , Одлука може да донесе само делегатот на АФМ
10.3. Организаторот има обвска да издаде ИНФОРМАТИВЕН БИЛТЕН , кој ќе содржи , стартна листа , технички упатства и следни информации :
- Составот на одбор , раковотство на натпревар , согласно Правилата за натпревари .
- Име на технички делегат , членови на врховна судиска комисија , име на судиски делегат , и имиња на главните судии по дисциплини .
- Податоци за простор за загревање на натпреварувачите .
- Пријавен центар ( место , рок за пријавување во поединчни дисциплини , услови за проверка на справите и опрема за натпреварување )
- Почетна висина и постапка за подигнување на летвичката во скокачките дисциплини
- Податоци за одалеченоста на одразната даска .
- Информација за распоред на борилиптата внатре и надвор од стадионот.
- Протокол на натпреварот .
- Одредби за спроведување на допинг контрола .
- Постапка за поднесување на приговор и жалба .
- Останати одредби кои се потребни за подобра организација .

## 11. ТЕХНИЧКИ СОСТАНОК

11.1. Целта на техничкиот состанок е да претсавниците на клубовите да се запознаат со намерите на организаторот за организација на натпреварот , водачите на екипите да уплатат стартнина , да ги подигнат стартните броеви , да извршат промена во одредена дисциплина , да извршат одјава ( пријават одјавен лист ) за натпреварувач отсутен или неспособен за настап .
11.2. На техничкиот состанок мора да бидат присутни Главниот судија и Делегатот на АФМ , за евентуални спорни случаеви .
11.3. Техничкиот состанок започнува 90 минути пред почетокот на првата дисциплина , а мора да заврши 45 минути пре почетокот на дисциплините .
11.4. Се утврдуваат почетна височина и распоред на висините за скок со стап и височина, поставеност на одразна даска во трискок, бројот и обиди во технички дисциплини и сл.

## 12. ПРИЈАВЕН ЦЕНТАР

12.1. Организаторот на натпреварот мора да подготви пријавен центар , кој ќе започне со работа 60 минути пред почетокот на натпреварот , на самото место при пријавување на натпреварувачите мора да присуствува и судија кој ги собира натпреварувачите во пријавниот центар , ја прегледува спортската опрема , стартните броеви и реквизитите .
12.2. Натпреварувачите-ките мораат да се пријават во пријавниот центар пред следните дисциплини и тоа :
- Скок со стап – 45 минути пре почетокот на дисциплината
- Скокови , фрлања , пречки – 30 минути пред почетокот на дисциплината
- Спринт , средни и долги патеки – 20 минути пред почетокот на дисциплината

12.3. Ако натпреварувачи-ки истовремено настапува во две или повеќе дисциплини, сите дисциплини ги пријавува со една пријава и преминување. Во случај доцнење на некој натпреварувач поради Виша сила а тоа било претходно најавено кај Техничкиот делегат тој може да го одобри доцнењето и да дозвлои настап.
12.4. Ако натпреварувачот-ката не се пријави во пријавниот центар во прописното време , губи право на настап во пријавената дисциплина и организаторот ја брише од стартната листа .
12.5. Во пријаниот центар може да се врши промена на пријавени натпреварувачи-ки , на првенствени натпревари во наведениот рок за пријавување по соодветните дисциплини .

12.6. Организаторот е одговорен за обезбедување на ред на теренот . Техничкиот делегат интервенира по барање од раководител на натпреварот. За секој прекршок причинет од страна на организаторот , Техничкиот делегат предлага до Натпреварувачката комисија , дисциплинска мерка , во склад со пропозициите и правилникот за дисциплинска одговорност.
12.7. Одредување на групи и ждребењето се реализира по одлука на Техничкиот делегат .
12.8. Организаторот е должен еден ден пред одржување на натпреварот да подготви стартна листа и потполни записници .
12.9. Записникот е составен од три примероци , оригиналот се доставува до Техничкиот делегат , второто во канцеларијата на АФМ и еден примерок останува во архивата кај домаќинот. Исто така пазисникот мора да биде заверен со печат и потпис од страна на организаторот .
12.10. Организаторот е должен после завршување на натпреварот да подготви БИЛТЕН со резултати , ( според записникот ) и ако има евентуални поплаки , опремени и дискфалификации да се вметнат во билтенот .
12.11. За помладите категории задолжително е да се внесат висините на пречките и тежината на справите .
12.12. За екипните и куп натпревари и повеќебои се внесува и бројот на остварени бодови покрај резултатот што е постигнат , за натпревари каде што во една дисциплина има повеќе групи се назначува во која група е постигнат резултатот и брзината на ветер .
12.13. За поединечни Првенства на Македонија се запишуваат и серии во фрлачки и скокачки дисциплини .
12.14. БИЛТЕНОТ со резултати , организаторот после натпреварот во рок од 48 часа , го испраќа до: Техничкиот делегат , сите клубови – учесници , сретствата за информирање-медиуми и канцеларијата на АФМ .
12.15. Организаторот на натпреварот ги сноси комплетните трошоци за организација на натпреварот и тоа : трошоци за службени лица , согласно правилникот за надомест на патни трошоци на АФМ и одлука за дадомест на службени лица . А собира претходно од самиот натпревар како што се : старнина , продажба на рекламен простор , ТВ пренос , и слично . Или евентуално ако во договорот на организаторот соАФМ е поинаку регулирано .
12.16. Организаторот има право да наплати кауција за стартните броеви , најмногу во всина на стартнината за натпреварот , а кауцијата се враќа со враќање на стартните вроеви .
12.17. Организаторот е должен да обезбеди медали на Поединечните првенства на Македонија .

## 13. ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ НА НАТПРЕВАРОТ

13.1. Клубот учесник на натпреварот обврзан е да достави писмена пријава во рокот даден во овие пропозиции до организаторот на натпреварот за своите натпреварувачи со следниве податоци : Име и презиме , година на раѓање , дисциплина , најдобар резултат , број на натпреварувачка книшка , боја на клубски дрес , Се прифаќаат пријави испратени по електронска пошта на образец кој е даден во прилог на емаил:Даден во расписот
13.2. Еден примерок од пријавата со податоци , клуб учесник е должен во истиот рок да достави и до Комисијата за натпревари на АФСМ .
13.3. Клуб учесник може да испрати пријава за натпревар и после рокот , а не подоцна 90 мин пред почетокот на првата дисциплина на натпреварот на овој начин може да биде пријавен натпреварувач кој не се наоѓа во редовната пријава . Пријавен на ваков начин не му дава право на натпреварувачот да биде вметнат во најдобра група него каде ќе има место , со доплата предвидена од ИО на АФМ . ( 500 денари )
13.4. Пријава која не е доставена во бараниот рок или во која не се наведени податоците , не се прифаќа . За што организаторот на натпреварот ќе го извести клубот кој не доставил пријава или во пријавата не се наведени податоците.
13.5. Пријава за штафета со редослед на тркачи по измени се доставува најдоцна 30 мунути пред старт на трката и без посебно барање од организаторот .Штафета која е непријавена во наведениот рок , нема да и биде дозволен настап иако била претходно пријавена од страна на клубот . Не е дозволена измена на редослед на тркачи , следи дисквалификација , освен поради повреда и согласност од лекарот и делегатот на АФСМ .
13.6. ЕКСТРА ГЛОБА , за екипа која не е пријавена во предвидениот рок , да се дозволи учество само со плаќање на екстра стартнина од 300 денари за закаснета пријава и 500 денари за пријава на лице место по натпреварувач-ка .
13.7. Прогласување на победник и останати церемонии се составен дел на натпреварот , тие се задолжителни за учесниците на натпреварот и непојавувањето на овие одредби подлежат на дисциплинска одговорност .
13.8. **Атлетичарите мора да бидат запознаети со техничките правила по дисциплини во која настапува и пропозициите за натпреварот.**
13.9. Натпреварувачите се должни да настапат во еднообразна клубска опрема наведена во пријавата , во спротивно Техничкиот делегат , стартерот и главниот судија за дисциплина имаат право да не дозволат право на учество на натпреварот , а на натпревари каде функционира пријавен центар , на натпреварувачот нема да му се дозволи влез на атлетскиот терен .
13.10. На опремата за натпревар мора да биде поставен стартен број .
13.11. Не е дозволен настап во опрема на репрезентација .

13.12. За натпреварувач за кого не е доставена на увид прописна натпреварувачка легитимација , нема право на настап , во случај и покрај забраната за настап , резулатот и пласманот се бришат , а натпреварувачот , водачот на екипа и клубот ќе подлежат на дисциплинска одговорност .

13.13. На Учесниците не им е дозволена помош за време на натрепварот ( радио врска, мобилен телефон и др ), не е дозволена помош за одржување на темпото од лица кои не учествуваат или учествуваат на натпреварот. Натпреварувачот кој добива таква помош ќе биде опоменат, во случај на повторување тој ќе биде дисквалифиуван. Учесникот кој е обиколен за круг нема право на натпреварот и да ја води трката.

13.14. При секој случај кога се отсапува од правилата, судијата на учесникот му покажува жолт картон, додека при дисквалификација црвен картон

13.15. Ако учесникот е пријавен да се натпреварува во трчање и скокање или скокање и фрлање, а саатницата за двете дисциолини е во исто време, тогаш учесникот е должен да настапи прво во тркачката дисциплина. Додека натпреварот во скокање и фрлање ќе го продолжи во наредната серија.

13.16. Прогласување на победници и останати видови на церемонија се составен дел од натпреварот и обврска за сите учесници , за непочитување на овие одредби следуваат парични казни .

13.17. Од 2020 година СА го измени праилото ТР (143) во превод на ново правило за спортски обувки (патики) мора да се потполни образец

13.18. Атлетичарите мора да бидат запознаети со техничките правила по дисциплини во која настапува и пропозициите за натпреварот .

**СТАРТНИНА**

13.19. Клубот учесник на натпревар обврзан е да уплати стартнина за настап на своите натпреварувачи .

13.20. Стартнината се уплатува на организаторот .

13.21. Стартнина се плаќа за секој натпревач , без разлика во колку дисциплини ќе земе учество , освен за штафетното трчање, износот на стартнина со Одлука ја утврдува И.О. на АФМ .

13.22. Екстра глоба се наплатува согласно член 13.3 13.6 од овие пропозиции.

13.23. За екипни натпревари се наплатува по екипа во износ која со Одлука ја утврдува И.О. на АФСМ

13.24. Од плаќање на пенали се ослободува натпреварувачи кои пред почетокот на натпреварот кај техничкиот делегат се поднесе потврда од спортски лекар или здравствена установа за повредата и неможноста за настап на натпреварувачот .

## 14. СЛУЖБЕН ПРЕСТАВНИК НА КЛУБ

14.1. Секој клуб има право и обрвски за секој натпревар да имениува едно лице ( службен преставник на клуб ) , кое ги познава правилата и пропозициите на АФСМ , на кое лице по потреба ќе му биде дозволен влез на атлетските борилишта за време на натпреварите .

14.2. Службено лице може во име на клубот да подигне БИЛТЕН 1 , службен материјал за натпреварот , стартни броеви и слично .

14.3. Службено лице во име на клубот може да плати стартнина и ги пријави натпреварувачите .

14.4. Службен преставник на клубот е должен по барање на Техничкиот делегат да ги достави на увид легитимациите за клубот .

14.5. По барање од страна на организаторот по терен може да има пристап само службен преставник од еден клуб кој ги исполнува следниве услови :

14.6.На видно место има аблем службен преставник , име на клубот , да има доказ од страна на клубот дека е именуван за тој натпревар или во пријавата за натпревар да биде наведен .

14.7. Влегувањето на терен е дозволено по одобрување на Делегатот на АФСМ во следниве случаеви :

- За приговор на резултат или пласман за било кој натпреварувач
- За поднесување на жалба
- По повик од страна на организаорот или Делегатот на АФМ врз аргумнтиран основ
- Пријавување на состав во штафетно трчање
- Службено лице за време на неговиот престој на теренот не смее :
- Да пречи на натпреварот , натпреварувачите  или работата на било кое службено лице .

## 15. ПРАВА И ДОЛЖНОСТ НА ТЕХНИЧКИОТ ДЕЛЕГАТ НА АФСМ

15.1. Листата на делегати на АФСМ ја утврдува И.О. на АФСМ на предлог  на Натпреварувачка комисија . предлог листата на делегати на АФСМ ја формира врз основа на претходно добиени предлози на атлетските клубови и од членовите на Натпреварувачка комисија на АФМ .

15.2. Техничкиот делегат за време на натпреватор мора да носи службени обележја – ознака

**ТЕХНИЧКИ ДЕЛЕГАТ НА АФСМ**

15.3. Службен преставник од страна на Натпреварувачка комисија на АФСМ на републички натпревари е Техничкиот делегат . Техничкиот делегат е одговорен за примена и почитување на Пропозициите на натпреварот и е единствен преведувач на пропозициите за натпревари . На самото место ги решава сите спорни прашања , освен прашањата кои се во надлежност на Судиската организација . ТД мора за носи аблем ТЕХНИЧКИ ДЕЛЕГАТ АФСМ

15.4. Техничкиот делдегат мора да биде запознаен со одредбите , Правилата за натпревари на АФСМ , Пропозициите за натпревар на АФСМ , правилникот за регистрација и премин на атлетичари , Дисциплинскиот правилник , како и други нормативни акти , и својата должност да ја извршува по наведени прописи . Во одредени ситуации може да се назначи и помошник Технички делегат .

15.5. Техничкиот делегат со организаторот на натпреварот ги спроведуваат пристигнатите пријави до организаторот и натпреварувачката комисија , утврдува дали има пријави кои не се пристигнати во рокот или не се испратени по дадените одредби за пријава на образец , дали организаторот ги има известено тие клубови за неприфатени пријави . Во случај на неусогласеност кај пријавите Одлука за запишување или бришење во стартна листа донесува Техничкиот делегат .

15.6. Техничкиот делегат ќе присуствува на техничкиот состанок .

15.7. Техничкиот делегат ќе побара од водачите на екипите список на натпреварувачи учесници на натпреварот и натпреварувачки легитимации , кои ќе ги прегледа со посебен акцент врз право на настап , лекарски преглед , доколку еден од условите не се исполнети обврзан е веднаш да го извести водачот на екипата .

15.8. Техничкиот делегат ќе мора да им обврне внимание на раководителите на екипата на органичување на настап зависно од категоријата , ќе ги опомени натпреварувачите на самиот натпревар да се однесуваат во духот со правилата на АФМ и пропозициите за натпревари .

15.9. Техничкиот делегат може да ја промени саатницата од овие пропозиции во зависност од распоредот на борилиштата и бројот на пријавени натпреварувачи .

15.10. Техничкиот делегат одредува систем на квалификации и врши ждребање .

15.11. Техничкиот делегат одредува висина на почетна височина и начин на подигање на летвичката кај вертикалните скокови поставување на растојанието на линијата на отскок во трискок .

15.12. Техничкиот делегат пред почетокот на натпреварот извршува преглед на : атлетската патека , борилиштата за скокови , фрлања , опремата ,справите , реквизитите , висината на пречки . проверува дали се врши премерување на справи и реквизити , по метод на случаен избор .

15.13. Техничкиот делегат ги проверува записниците и ги контролира билтените од натпреварот .

15.14. Техничкиот делегат го контролира церемонијалниот дел пред , за време и по завршување на натпреварот , како и прогласувањето .

15.15. Во случај на натпреварот да е постигнат ист или подобар резултат од доседашниот рекорд на Северна Македонија , Техничкиот делегат проверува исправност на записникот за рекорд .

15.16. Техничкиот делегат по сопствен избор има право да направи проверка за одреден натпреварувач и да побара од клубот валиден документ со кој ќе може да се потврди годината на раѓање ( ученичка книшка , лична карта , пасош , извод од родени , здравствена легитимација и слично )

15.17. Техничкиот делегат е овластен да изречува опомена или да отстрани од натпревар : натпреварувач , тренер или водич на екипа или останато лице кое за време на натпреварот се однесува недисциплинирано или внатре на атлетската патека и борилиштата им пречи во работата на атлетските судии и останати овластени лица .

15.18. Изречување на опомена се означува со покажување на жолт картон , а исклучувањето од натпревар со црвен картон , и ова задолжително се внесува во записникот на натпреварот .

15.19. Техничкиот делегат е должен да поднесе целосен извештај од натпреварот во рок од 48 часа , кој го доставува до канцеларијата на АФМ и организаторот .

15.20. Извештајот од страна на Техничкиот делегат мора да биде направен на посебен образец и да ги содржи сите релевантни карактеристики од натпреварот :

- Подготвеност на Атлетскиот објект ,
- Подготвеност на Атлетските борилишта ,
- Организација на натпреварот ,
- Ред и дисциплина на Атлетските борилишта ,
- Фунционирање на приемниот центар
- Објавување на резултати и фунционирање на озвучувањето на стадионот ,
- Церемонија на прогласување ,
- Анти-допинг контрола ,
- Здравствена служба на натпреварот ,
- Функционирање на атлетските судии и така натаму .

15.21. Техничкиот делегат има право на надомест на патни трошоци , сместување , такса , согласно Одлуката на И.О. на АФМ

15.22. Техничкиот делегат за својата работа е одговорен пред Натпреварувачката комисија на АФМ .

## 16. ЖАЛБИ И ПРИГИВОРИ

16.1. Жалби и приговори за регуларноста на натпреварот Службениот преставник на екипата пријавува кај главниот судија или кај Техничкиот делегат на АФМ .

16.2. Жалбата која се однесува на право на учество на атлетичар на натпревар , Службениот преставник на екипата треба да поднесе кај Техничкиот делегат пред почетокот на натпреварот . Во случај жалбата да не може да се реши или ако преставникот не е задоволен од решението пред почетокот на натпреварот , атлетичарот настапува ПОД ЖАЛБА , а Техничкиот делегат заедно со натпреварувачката комисија предметот го решава после натпреварот .

16.3. Приговор кој се однесува на резултат или регуларност на натпреварот треба да се вложи веднаш во усна форма/ не подоцна од 15 15 минути од страна на самиот натпреварувач до Главниот судија по дисциплина . Ако приговорот не може да биде решен или ако Службениот преставник на екипата не е задоволен од решението тој може да поднесе жалба . Жалбата се поднесува не подоцна од 30 минути по објавување на официалниот резултат од страна на главниот судоја во дадената дисциплина . организаторот на натпреварот има обврска на записникот да забележи резултат од страна на главниот судија во дадена дисциплина . Организаторот на натпреварот има обврска на записникот да забележи во кое време се објавени резултатите .

16.4. Жалбата се поднесува во писмена форма до Врховната судиска комисија . Жалбата ја поднесува Службениот преставник на екипата , при поднесување на жалбата се приложува такса во износ утврден од И.О. на АФМ ( 50 евра , во денарска противредност ) . Жалбената такса не се враќа доколку жалбата е одбиена како неоснована . Во тој случај таксата се задржува во корист на судиската организација .

16.5. За поднесената жалба во целос важат одредбите на член 146 од Правилата за атлетски натпревари .

## 17. ГЛАВНИ СУДИИ – ЗБОР НА АТЛЕТСКИ СУДИИ НА АФМ ( ЗАС-АФМ )
## ЗАДАЧИ НА ГЛАВНИТЕ СУДИИ

17.1 За главен судија ЗАС-АФМ може да одреди : меѓународен судија ( сојузен ) за кој стручниот одбор на ЗАС-АФМ смета дека покрај стручното знаење поседува искуство и лични квалитети

17.2 Мора добро да ги познава Правилата за атлетски натпревари на WA , Правилата и Пропозициите за организирање на атлетски натпревари на АФМ и мора да ги носи со себе за време на натпреварот , додека ја извршува функцијата .

17.3 Обезбедува почитување на правилата и одлучува за споровите кои се појавуваат меѓу натпреварувачите за време на натпреварот , а не се предвидени во правилата . Главниот судија за трчање , одлучува за пласманот на натпреварувачите во трчање , во случај на спор кога судиите не можат да се договорат за редоследот на натпреварувачите .

17.4 Не смее да обавува фунција на судија ни функција на патека . Главниот судија го прегледува конечниот пласман , ги проверува останатите дусии , во случај на рекорд го верифицира времето , ги решава жалбите , има право да опомени натпреварувач од натпреварот .

17.5 По завршување на дисциплината мора да се пополни записникот за резултат , го потпишува и го предава во Секретаријатот на натпреварот .

17.6 Главните судии ги одредува стручната Судиска комисија 14 дена пред почетокот на натпреварот .

17.7 Мора да се јават 90 минути пред почетокот на натпреварот и задолжително да присуствуваат за време на техничкиот состанок од каде ги земаат стартните листи од организаторот .

17.8 За време на натпреварот се посебно обележани ( со посебна униформа ) , и се во контакт со Делегатот на АФМ .

17.9 Пред почетокот на натпреварот ги прегледуваат атлетските борилишра за кои се одговорни и ги отстрануваат евентуалните недостатоци .

17.10 Главниот судија за фрлањата , по можност , треба да биде присутен за време на мерење на справите и означување на истите , за време на натпреварот ја следи работата на судиите во правилноста на мерење и запишување на резултатите ..

17.11 Главниот судија кај фрлањата и скоковите ги пополнуваат записниците и обрасците додека траат пооделни дисциплини.

17.12 Учествува во доделувбање на медали и дипломи .

17.13 Главните судии доставуваат писмен извештај за одржаниот натпревар во рок од 24 часа до АФМ односно Стручната судиска комисија на ЗАС-АФМ . Исто така ги оценуваат судиите за нивната работа од 1-5 и тоа го доставуваат до делегатот на АФМ .

17.14 За својата работа Главниот судија има право на надомест на патни и дневни трошоци , сместување , такса , согласно Одлуката на ЗАС-АФМ . Исплатата е на товар на ораганизаторот на натпреварот .

## 18. ВРХОВНА СУДИСКА КОМИСИЈА ( ВСК )

Врховна судиска комисија за републички натпревари е составена од 3 до 5 членови :

- Делегат од Комисијата за судии – Претседател на ВСК ( по правило меѓународен судија )
- Технички делегат на АФМ
- преставник од организаторите
- преставник од клуб
- два заменици членови- преставници од клубови

18.1. ВСК ги решава жалбите за регуларност на натпреварот како второстепена комисија , доколку жалбите се во врска со одредбите од член 146 од правилникот за натпревар .

18.2. За донесување на Одлука ВСК ќе мора да ги разгледа сите докази ( вклучувајќи и видео материал ) и може да ги сослуша сите лица за кои сметаат дека се потребни .

18.3. ОДЛУКАТА на ВСК е конечна ( соглсно член 146 од Меѓународните правила за атлетски натпревари )

18.4. ВСК може да ја промени Одлуката доколку дојде до нови релевантни сознанија .

18.5. Претседателот на ВСК – делегатот од Комисијата за атлетски судии има право на сместување и исхрана , патни и дневни трошоци согласно Одлука на И.О. на АФМ .

## 19. ДИСЦИПЛИНСКИ ОДРЕДБИ

- Секој прекршок од одредбите од овие Пропозиции , се казнува по основ на овие пропозиции и Правилникот за дисциплинска одговорност на АФМ .
- За сторен прекршок од страна на атлетските клубови , натпреварувачи и останати службени лица се одредува парична казна ( глоба ) и временска казна . При изречување на прекршочна казна треба да биде опомената зависно од тежината на прекршокот .

**ВРЕМЕНСКА КАЗНА :**

19.1. Натпреварувачка комисија на АФМ води евиденција за доделени жолти и црвени картони за кое ги исвестува клубовите и изрекува временски казни .

19.2. Два жолти картони внесени во записникот од натпреварот во текот на натпреварувачката година , автоматски повлекува забрана за учество на следниот републички натпревар за што Натпреварувачката комисија е должна да ја извести АФСМ .

19.3. Учество на натпреварувач без право на настап , автоматски повлекува забрана за учество на следни два републички натпревари , а во повторен случај до крајот на натпреварувачката сезона .

19.4. Неспортско однесување на учесниците на натпреварот , атлетичарите , тренерите и останатите службени лица и нивно исклучување за време на натпревар ( црбен картон ) повлекува забрана за учество на следни два републички натпреварувања .

19.5. Временската казна која со завршување на сезоната не е издржана се пренесува во следната натпреварувачка година .

**ПАРИЧНА КАЗНА ( ГЛОБА ) :**

| | |
|---|---|
| • Неоправдано и ненавремено откажување на прифатена организација од страна на организаторот се казнува | 20 000 ден. |
| • Недоволен број на атлетски судии за регуларно одржување на натпревар | 10 000 ден. |
| • Необезбедување на присутен лекар или медицинска екипа | 10 000 ден. |
| • Неподготвеност на атлетски стадион и борилишта | 15 000 ден. |
| • Необезбедување на ФОТО – ФИНИШ | 10 000 ден. |
| • Жолт картон ( клубот плаќа ) | 5 000 ден. |
| • Црвен картон ( клубот плаќа ) | 10 000 ден. |
| • Не настапување во клубска боја наведена во пријавата | 500 ден. |
| • Недоаѓање на протокол за прогласување екипно ( клубот плаќа ) | 5 000 ден. |
| • Недоаѓање на протокол за прогласување поединечно ( клубот плаќа ) | 500 ден. |

19.5. Парична казна се уплатува во рок од 3 ( три ) дена по доставување на фактура од натпреварувачка комисија на АФМ , на тековна жиро сметка на АФМ .

19.6. Жалба на Одлука за казна не ја менува обврската за паќање на изречена казна .

19.7. До неизмирување на обврските по одлука за казна , автоматски повлекува забрана за учество на клубот и неговите натпреварувачи на сите натпревари .

19.8. Жалба на Одлука за казнување на втор степен ја регулира И.О. на АФМ и Одлуката на И.О. е конечна .

19.9. За Дисциплинските прекршоци на : атлетските клубови , натпреварувачи и други службени лица , расправа и одлуки од прв степен донесува Дисциплинскиот собир од три члена , од состав на Натпреварувачката комисија на АФМ која се одредува на почетокот на секоја година . За одлуки од втор степен е надлежна Дисциплинската комисија на АФМ .

19.10. Натпреварувачката комисија својата Одлука ја соопштува писмено со допис , на која може да се поднесе жалба до Дисциплинската комисија , како второстепен орган , и тоа во рок од три дена од приемот на писмениот допис. Дисциплинската комисија донесува одлука во рок од 5 дена од денот на приемот на жалбата .

## 20. ПРОТОКОЛ – ОБВРСКИ НА ОРГАНИЗАТОРОТ

20.1. На сите републички натпревари мора да биде истакнато Македонското знаме и на АФСМ.

20.2. Организаторот на натпреварот во договор со Техничкиот делегат го одредува протоколот на отварање и затварање на натпреварот , кој протокол е обврска за сите клубови – учесници .

20.3. Претставување на секоја екипа ( 3 машки , 3 женски )

20.4. Говор од страна на преставник на организаторот до учесниците

20.5. Прогласување на натпреварот за отворен од страна на Претседателот на АФМ или лице кое Претседателот го овластил.

ПРИЗНАНИЈА ЗА ПОБЕДНИЦИ

20.6. ПОЕДИНЕЧНИ ПРВЕНСТВА НА МАКЕДОНИЈА

Организаторот е должен во секоја дисциплина да прогласи три првопласирани натпреварувачи .

- Трите првопласирани натпреварувачи добиваат медали и дипломи на АФМ .
- Организаторот според своите можности во договор со Техничкиот делегат може да додели и други признанија и награди ако ги има безбедено , а нема да ја реметат организацијата и протоколот на манифестацијата .

20.7. АТЛЕТСКИ КУПОВИ И ЕКИПНИ ПРВЕНСТВА НА МАКЕДОНИЈА

- Трите првопласирани Екипи добиваат пехари и дипломи на АФМ .
- Организаторот според своите можности во договор со Техничкиот делегат може да додели и други признанија и награди ако ги има безбедено , а нема да ја реметат организацијата и протоколот на манифестацијата .

20.8. ОСТАНАТИ РЕПУБЛИЧКИ НАТПРЕВАРИ

- Трите првопласирани во маратон и полумаратон добиваат медали и дипломи
- Трите првопласирани на првенството на 10 000м добиваат медали и дипломи ,
- Организаторот на натпреварот може да обезбдеи парични и стокови награди за учесниците .

- На поединечните првенства медалите и дипломите и наградите ги врачуваат лица одредени од организаторот во договор со преставници на АФМ или делегатот на АФМ , по свој протокол.
- На екипните првенства , Куп натпреварите и Првенствата на Македонија во крос , Маратон , Планинско трчање , пехарите ги врачуваат преставници на АФМ или делегатот на АФМ во придружба на преставник на организаторот .

## 21. ПОЕДИНЕЧНИ ПРВЕНСТВА НА МАКЕДОНИЈА

21.1. ОПШТИ ОДРЕДБИ :

Натпревари по програма на АФСМ кои се одржуваат како дводневни натпревари во следниве категории :

- Национално поединечно првенство за Сениори
- Национално поединечно првенство за Младинци
- Национално поединечно првенство во повеќебој ( Сениори/Младинци/Помлади младинци)
- Национален Куп за Сениори
- Национален Куп за Младинци

Натпревари по програма на АФСМ кои се одржуваат како еднодневни натпревари во следниве категории :

- Национални поединечно првенство за Ветерани
- Национални поединечно првенство за Млади Младинци
- Национални поединечно првенство за Пионери
- Национални поединечно првенство за Млади Пионери

- Национални поединечни првенство на 10 000 м
- Национални поединечно првенство во Скокачки дисциплини
- Национални поединечно првенство во штафетно трчање
- Национални поединечно првенство во фрлачки дисциплини
- Национални поединечно првенство во повеќебој
- Национални поединечно првенство во крос- кантри
- Национални поединечно првенство во планинско трчање
- Национални поединечно првенство во Маратон
- Национални поединечно првенство во Полумаратон
- Национално екипно првенство за Сениори-ки
- Национално екипно првенство во крос – кантри
- Национално екипно првенство во планинско трчање
- Национален Куп за пионери

21.2. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ :

- Право на учество на поединечните првенства на Македонија имаат атлетичари-ки кои се правилно регистрирани (да имаат натпреварувачка легитимација , со задолжителен лекарски преглед и да се пријавени од страна на клубот).
- За поединечните првенства важат општите правила од овие Пропозиции .
- Натпреварите на Поединечните првенства можат да се одржат ако се пријавени и ако настапуваат најмалку 3 ( три ) натпреварувачи-ки ,а во штафетите ако настапат 2 ( две ) штафети .
- За учество на поединечните првенства на Македонија може да се одредат и норми . Нормите ги одредува Натпреварувачката комисија на АФМ .
- Странски државјани кои живеат во Македонија и се членови на АФМ , не може да настапат на поединечните првенства на Македонија .
- Поединечните првенства на Македонија може да бидат и од  отворен карактер по посебна Одлука на И.О. на АФМ .
- Ако кај трчањата на 100м , 200м во машка и женска категорија има пријавено до 24 натпреварувачи , ќе се одржат полуфинални трки. Доколку натпреварот се одржува на патека со 6 стази , ќе се трча во 4 ( четири ) групи , а во финале че се пласираа по 1 првопласиран од секоја група и 2 натпреварувачи по време . Доколку натпреварот се одржи на 8 стази се трча во 3 ( три ) групи , а во финале се пласираат по 2 првопласирани од секоја група и 2 по време .
- Ако кај трчањето на 100м и 200 м во машка и женска категорија , има пријавено повеќе од 24 натпреварувачи , делегатот односно организаторот во согласност со Делегатот на АФМ , имаат право да одбијат настап на сите натпреварувачи со послаб резултат од 24то место , односно да не дозволи настап на тие шти го делат 24то место .
- Ако во пријавниот центар се утврди дека вкупниот број на натпреварувачи кои требало да настапат во полуфиналната трка е помал или еднаков со бројот на стази , тогаш таа трка во согласност со Делегатот може да се прогласи за Финале , со тоа што предвидената финална трка се брише од саатница .
- Ако кај трчањата на 110м пречки , 100м пречки , 400м, 400м пречки , 4х100м , 4х400м има пријавено повеќе од 8 натпреварувачи-ки или штафети , трката се одржува по квалитетни групи кои се формираат врз основа на пријавениот резултат , а вкупниот пласман се одредува по резултат.
- Трката на 800м се одржува по квалитетни групи , ако се пријавени повеќе од 16 натпреварувачи-ки се трча во одвоени трки .
- Кај скоковите и фрлањата ако има пријавено повеќе од 8 ( осум ) натпреварувачи-ки сите учесници имаат право на 3 ( три ) обиди , а 8 ( осум ) до тогаш најуспешни добиваат право на уште 3 (три ) серии. Доколку има пријавено помалку од 8 ( осум ) , сите имаат право на 6 ( шест ) серии. Натпреварувачи кои во првите 3 ( три ) серии скокови / фрлања немале нитуеден исправен обид , го продолжуваат натпреварот пред оние кои имале успешни серии , и тоа релативно по истиот редослед кој го имале на почетокот на натпреварот . Во двата случаи , редоследот на натпреварувачи во 4та и 5та серија че се промени по пласманот на натпреварувачи по првите три серии .Исто така во последната серија се менува редоследот после петата серија .
- Почетната висина и подигање на летвичката кај скоковите ќе се одреди на техничкиот состанок .

## 22. ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ВО ПОЛУМАРАТОН ( 21,097 ) И МАРАТОН ( 42 ,195 )

Првенство на Македонија во полумаратон и маратон се одржува во рамките на еден од маратоните во календарот на АФСМ во две категории .

**22.1.** Право на учество на МАРАТОН за сениори и сениорки имаат лица над 18 години ( сениори-ки , младинци-ки ) регистрирани во АФМ со задолжителен лекарски преглед не постар од 90 дена .
**22.2.** На првенството на Македонија во Полумаратон , Маратон се забранува учество на млади младинци-ки и помлади категории .
**22.3.** Стартот на трката во Полумаратон и Маратон не може да биде помеѓу 10.оо и 17.оо часот
**22.4.** За овие трки постои и временско ограничување и тоа во полумаратон – 2 часа , маратон 4:30 часа ( со временска контролна рампа на 35км од 3:45 часа )
**22.5.** Се препорачува трките на пат маратон да се одржуваат во период од 1ви Октомври до 31ви Мај . За секој друг термин мора да се побара согласност од натпреварувачката комисија на АФСМ во спротивно организаторот ќе сноси дисциплинска одговорност .
**22.6.** Организаторот има обврска да обезбеди сертификат за должина на патеката , согласно член 240 од правилата за атетски натпревари и организација на натпревари ( трки на пат ) . Исто така во потполност да ги почитува и применува одредбите од член 240 .
**22.7.** Рекордите на трките на пат се признаваат само ако се постигнати на патека која одговара согласно со одредбите од член 160 Правила за натпревари .

## 23. ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ВО КРОС

Првенство на Македонија во крос се одржува во : Поединечна , Севкупно Екипна конкуренција мажи и жени

**23.1.** Бројот на натпреварувачи за клуб во секоја категорија може да биде неограничен , а за Екипен пласман се бодуваат тројцата најдобро пласирани натпреварувачи , секој натпреварувач добива бодови според пласманот .
**23.2.** Во случај на еднаков број на бодови подобра е Екипата која има подобро пласиран трет натпреварувач
**23.3.** Еден натпреварувач има право на настап само во една старосна категорија во една дисциплина .
**23.4.** Севкупен екипен пласман се добива со бодување на екипниот пласман во секоја категорија по следнава табела :

| МЕСТО | I | II | III | IV | V | VI |
|---|---|---|---|---|---|---|
| БОДОВИ | 9 | 6 | 4 | 3 | 2 | 1 |

**23.5.** СЕВКУПЕН екипен победник е екипата со освоени најмногу бодови . Во случај на ист број на бодови подобра е екипата која има повеќе први , втори , трети итн. места .
**23.6.** За СЕВКУПЕН екипен победник на Првенството во крос може да конкурираат екипи кои имаат екипен пласман повеќе од 50% од категориите ( 7 старосни категории ) .
**23.7.** Должината на патеката не мора да биде изразена во метри или кругови со тоа што мора да се знае точната должина на патеката и стартната позиција
**23.8.** Трите првопласирани поединечно и екипно на првенството добиваат медали и дипломи

ДОЛЖИНА НА ПАТЕКАТА ПО КАТЕГОРИИ :

| | |
|---|---|
| СЕНИОРИ | 10.000 метри |
| МЛАДИ СЕНИОРИ ПОД 23 | 8.000 метри |
| МЛАДИНЦИ | 6.000 метри |
| МЛАДИ МЛАДИНЦИ | 4.000 метри |
| ПИОНЕРИ | 2.000 метри |
| МЛАДИ ПИОНЕРИ | 1.500 метри |
| СЕНИОРКИ | 8.000 метри |
| МЛАДИ СЕНИОРКИ ПОД 23 | 6.000 метри |
| МЛАДИНКИ | 4.000 метри |
| МЛАДИ МЛАДИНКИ | 3.000 метри |
| ПИОНЕРКИ | 1,500 метри |
| МЛАДИ ПИОНЕРКИ | 1.000 метри |

САТНИЦА :

| | | |
|---|---|---|
| 0.00 | 3.000 метри | МЛАДИ МЛАДИНКИ |
| 0.15 | 1.500 метри | МЛАДИ ПИОНЕРИ |
| 0.30 | 1.500 метри | ПИОНЕРКИ |
| 0.40 | 1.000 метри | МЛАДИ ПИОНЕРКИ |
| 0.50 | 2.000 метри | ПИОНЕРИ |
| 1.10 | 4.000 метри | МЛАДИНКИ |
| 1.30 | 8.000 метри | МЛАДИ СЕНИОРИ ПОД 23 |
| 2.00 | 4.000 метри | МЛАДИ МЛАДИНЦИ |
| 2.25 | 6.000 метри | МЛАДИ СЕНИОРКИ ПОД 23 |
| 2.25 | 8.000 метри | СЕНИОРКИ |
| 2.45 | 6.000 метри | МЛАДИНЦИ |
| 3.10 | 10.000 метри | СЕНИОРИ |

## 24. ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ВО ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ

Натпреварите во Планинско трчање се спроведуваат по правилтаа за натпревари како и општите правила од овие пропозиции за натпревари и правилникот на WA за Трки на пат ( член 250.10 ) .

**24.1.** Првенство на Македонија во Планинско трчање се одржува во две категории :
Машка конкуренција ( сениори – младинци ) ,
Женска конкуренција ( сениорки - младинки )

**24.2.** Право на учество на Поединечно и Екипно првенство на македонија за сениори-ки и младинци-ки , имаат лица над 15 години ( сениори-ки , младинци-ки , младимладинци-ки ) регистрирани во АФМ созадолжителен лекарски преглед.

**24.3.** На Првенсвото на Македонија во планинско трчање се забранува учество на пионери-ки и помлади категории .

КАТЕГОРИИ

- Младинци-ки , атлетичари-ки кои во тековната година ќе наполнат 16,17,18 или 19 години имаат право на настап во младинска конкуренција
- Сениори-ки , атлетичари-ки кои во тековната година ќе наполнат 18,19 или повеќе години , тие имаат право на настап во Сениорска конкуренција .
- Еден натпреварувач има право на настап само во една староснa категорија во една дисциплина .
- Атлетичари-ки кои во тековната година имаат помалку од 16 години може да настапат само надвор од конкуренција .

ПАТЕКА :

ДОЛЖИНА НА ПАТЕКА И ВИСИНСКА РАЗЛИКА ЗА ПАТЕКАТА САМО НАГОРЕ ( UPHILL ) :

| | | |
|---|---|---|
| СЕНИОРИ | 8км | 800 МЕТРИ |
| МЛАДИНЦИ | 5км | 500 МЕТРИ |
| СЕНИОРКИ | 8км | 800 МЕТРИ |
| МЛАДИНКИ | 5км | 500 МЕТРИ |

ДОЛЖИНА НА ПАТЕКАТА И ВИСИНСКА РАЗЛИКА ЗА ПАТЕКА ГОРЕ-ДОЛЕ ( UP-DOWN ) :

| | | |
|---|---|---|
| СЕНИОРИ | 10км | 750-1000 МЕТРИ |
| МЛАДИНЦИ | 5км | 500 МЕТРИ |
| СЕНИОРКИ | 10 км | 750-1000 МЕТРИ |
| МЛАДИНКИ | 5км | 500 МЕТРИ |

Должината на патеката и нагибот се препорачуваат . Од пропишаните мерки може да се отстапува максимално 20% (+/-).

- Должината на патеката не мора да биде изразена во метри или кругови со тоа што мора да се знае точната должина на кругот и стартната позиција .
- Патеката не смее да има екстремно опсни делови .
- Патеката мора да биде видно обележана .
- Патеката не смее да биде повеќе од 20 % од асфалтен дел .
- На делови од патеката со можност за кратење организаторот има обврска да има обезбедување на патеката .
- Удолиците не смеаат да бидаат во каменест предел .

- Нагибот на удолниците не смее да премине повеќе од 30% просечно по километар .
- Организаторот мора да обезбеди Водени окрепнувачки станици на растојание од 2-3 КМ зависно од висината , разликата , како и на целта .
- На натпреварувачите кои не се учесници за време на трката им се забранува да даваат подршка .

## 25. ТАБЕЛАРНО ПРИКАЖУВАЊЕ ПО ДИСЦИПЛИНИ НА ПОЕДИНЕЧНИ ПРВЕНСТВА

| Поединечни првенства на стадион | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КАТЕГОРИЈА | СЕНИОРИ, ПОД 23 | СЕНИОРКИ, ПОД 23 | МЛАДИНЦИ | МЛАДИНКИ | МЛАДИ МЛАДИНЦИ | МЛАДИ МЛАДИНКИ | ПИОНЕРИ | ПИОНЕРКИ | МЛАДИ ПИОНЕРИ | МЛАДИ ПИОНЕРКИ |
| | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 60 | 60 |
| | 400 пр | 400 пр | 400 пр | 400 пр | 400 пр | 400 пр | 300 | 300 | 60 пр | 60 пр |
| | 1500 | 800 | 1500 | 1500 | 1500 | 1500 | 800 | 600 | 800 | 600 |
| | 400 | 400 | 400 | 400 | 400 | 400 | 2000 | 1500 | 300 | 300 |
| | 5000 | 3000 | 5000 | 2000 пр | 3000 | 3000 | 100 пр | 80 пр | 4х60 | 4х60 |
| | 10 000 од | 3000 пр | 4х100 | 4х100 | 110 пр | 100 пр | 4х100 | 300 пр | ѓуле | ѓуле |
| 1. ДЕН | 4х100 | 4х100 | кладиво | Скок со стап | 800 | 800 | 300 пр | височина | диск | диск |
| | кладиво | Скок со стап | височина | трискок | 2000 ст | 2000м ст | височина | 4х100 | далечина | далечина |
| | височина | трискок | ѓуле | диск | далечина | далечина | далечина | далечина | височина | височина |
| | ѓуле | копје | далечина | копје | копје | копје | ѓуле | ѓуле | копје | копје |
| | далечина | диск | 10км. од | | кладиво | кладиво | копје | копје | | |
| | | | | | диск | диск | диск | диск | | |
| | | | | | височина | височина | кладиво | 2000 од | | |
| | 110пр | 100пр | 110пр | 100пр | ѓуле | ѓуле | 3000 од | | | |
| | 200 | 200 | 200 | 200 | 4х100 | 4х100 | | | | |
| | 800 | 1500 | 800 | 800 | | | | | | |
| | 3000 | 5000 | 3000 | 3000 | | | | | | |
| | 3000 пр | 10км од | 3000 пр | 4х400 | | | | | | |
| 2. ДЕН | 4х400 | 4х400 | 4х400 | кладиво | | | | | | |
| | Скок со стап | кладиво | Скок со стап | височина | | | | | | |
| | трискок | височина | трискок | далечина | | | | | | |
| | копје | ѓуле | диск | ѓуле | | | | | | |
| | диск | далечина | копје | 10км од | | | | | | |

| | ТЕЖИНА НА СПРАВИ ( КГ ) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЃУЛЕ | 7. 26 | 4. 00 | 6. 00 | 4. 00 | 5. 00 | 3. 00 | 3. 00 | 3. 00 | 3. 00 | 3. 00 |
| ДИСК | 2. 00 | 1. 00 | 1.750 | 1. 00 | 1. 500 | 1. 00 | 1. 00 | 1. 00 | 1. 00 | 1. 00 |
| КЛАДИВО | 7. 26 | 4. 00 | 6 .00 | 4. 00 | 5. 00 | 3. 00 | 3. 00 | - | 3. 00 | - |
| КОПЈЕ | 0. 800 | 0. 600 | 0. 800 | 0. 600 | 0. 700 | 0. 500 | 0. 600 | 0. 400 | 0. 500 | 0. 400 |

*Напомена: Почетната висина за скок во височина и скок со стап се одредува пред почетокот на натпреварот зависно од резултатите на натпреварувачите , односно техничката можност на организаторот .*

## 26. ПОЕДИНЕЧНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ЗА СЕНИОРИ – СЕНИОРКИ

Поединечно првенство на Македонија се одржува во две варианти по следниве дисциплини :

**ВАРИЈАНТА А : дводневен натпревар**
МАЖИ:
ПРВ ДЕН : 100м, 400м, 1500м, 5000м, 400м пречки, 4х100м, височина,далечина, ѓуле, кладиво
ВТОР ДЕН : 200м, 800м, 3000м стиплчес, 110м пречки, 4х400м,скок со стап ,трискок, диск, копје
ЖЕНИ:
ПРВ ДЕНА : 100м, 400м, 800м, 3000м, 400м пр, 3000м стипl, 4х100м, трискок, скок со стап ,диск, копје
ВТОР ДЕН : 200м, 1500м, 5000м , 100м пречки, 4х400м, далечина, височина, ѓуле, кладиво

**СААТНИЦА**

ПРВ ДЕН

| | | | |
|---|---|---|---|
| -1.00 | 400М ( Ж ) П.Ф | | |
| -0.45 | 400М ( М ) П.Ф. | | |
| -0.30 | 100М ( Ж ) П.Ф. | | |
| -0.15 | 100М ( М ) П.Ф. | | |
| 0.00 | 10КМ ОДЕЊЕ ( М ) | СКОК СО СТАП ( Ж ) | КЛАДИВО ( М ) |
| 1.00 | 400М ПР. ( Ж ) ГРУПИ | | |
| 1.15 | 400М ПР. ( М ) ГРУПИ | ТРИСКОК ( Ж ) | КОПЈЕ ( Ж ) |
| 1.30 | 100М ( Ж ) ФИНАЛЕ | | |
| 1.35 | 100М ( М ) ФИНАЛЕ | ВИСОЧИНА ( М ) | ЃУЛЕ ( М ) |
| 1.40 | 800М ( Ж ) ГРУПИ | | |
| 1.50 | 1500М ( М ) ГРУПИ | | |
| 2.00 | 400М ( Ж ) ФИНАЛЕ | | |
| 2.05 | 400М ( М ) ФИНАЛЕ | ДАЛЕЧИНА ( М ) | ДИСК ( Ж ) |
| 2.10 | 3000М ( Ж ) | | |
| 2.25 | 5000М ( М ) | | |
| 2.50 | 3000 СТИПЛ ( Ж ) | | |
| 3.10 | 4х100М ( Ж ) ГРУПИ | | |
| 3.20 | 4х100М ( М ) ГРУПИ | | |

ВТОР ДЕН

| | | | |
|---|---|---|---|
| -0.30 | 200М ( Ж ) П.Ф. | | |
| -0.15 | 200М ( М ) П.Ф. | | |
| 0.00 | 10КМ ОДЕЊЕ ( Ж ) | СКОК СО СТАП ( М ) | КЛАДИВО ( Ж ) |
| 1.00 | 110М ПР. ( М ) ГРУПИ | | |
| 1.15 | 100М ПР. ( Ж ) ГРУПИ | ТРИСКОК ( М ) | КОПЈЕ ( М ) |
| 1.30 | 200М ( Ж ) ФИНАЛЕ | | |
| 1.35 | 200М ( М ) ФИНАЛЕ | ВИСОЧИНА ( Ж ) | ЃУЛЕ ( Ж ) |
| 1.40 | 800М ( М ) ГРУПИ | | |
| 1.50 | 1500М ( Ж ) ГРУПИ | | |
| 2.00 | 3000М ( М ) | ДАЛЕЧИНА ( Ж ) | ДИСК ( М ) |
| 2.15 | 5000М ( Ж ) | | |
| 2.40 | 3000 СТИПЛ ( М ) | | |
| 3.00 | 4х400М ( Ж ) ГРУПИ | | |
| 3.10 | 4х400М ( М ) ГРУПИ | | |

**ВАРИЈАНТА Б : еднодневен натпревар**

МАЖИ:
ПАРНА ГОДИНА : 100м, 400м, 1500м, 5000м, 400м пречки, 4x100м, височина, трискок, ѓуле, копје
НЕПАРНА ГОДИНА : 200м, 400м, 800м, 3000м стиплчес, 110м пречки, 4x400м, далечина, височина, диск, кладиво, копје
ЖЕНИ:
ПАРНА ГОДИНА : 200м, 400м, 1500м, 3000м стиплчес, 100м пречки, 4x100м, далечина, височина, диск, копје
НЕПАРНА ГОДИНА : 100м, 800м, 3000м, 400м пречки, 4x400м, трискок, височина, ѓуле, кладиво, копје

- Во случај на повеќе пријавени натпреварувачи во одредена дисциплина организаторот во договор со Техничкиот делегат на натпреварот го задржува правото на одлука за одржување и квалификации .
- Клубовите мора да се известат 48 часа пред почетокот на натпреварот .
- Пионерите немаат право на учество .
- Млади младинци немаат право да учествуваат во дисциплините фрлање кладиво , ѓуле , 3000м стиплчес , 5000м .
- Трите првопласирани на првенството добиваат медали и дипломи

## 27. ЕКИПНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ЗА СЕНИОРИ – СЕНИОРКИ

- Екипно првенство на Македонија се одржува како едно дневен натпревар :
- Дисциплините за натпреварот се менуваат во зависност од парна или непарна година :

МАЖИ:
ПАРНА ГОДИНА : 100м, 400м, 1500м, 5000м, 400м пречки, 4x100м, височина, трискок, ѓуле, копје
НЕПАРНА ГОДИНА : 200м, 400м, 800м, 3000м стиплчес, 110м пречки, 4x400м, далечина, височина, диск, кладиво, копје
ЖЕНИ:
ПАРНА ГОДИНА : 200м, 400м, 1500м, 3000м стиплчес, 100м пречки, 4x100м, далечина, височина, диск, копје
НЕПАРНА ГОДИНА : 100м, 800м, 3000м, 400м пречки, 4x400м, трискок, височина, ѓуле, кладиво, копје

- Право на учество имаат по 2 ( два ) преставника во 1 ( една ) дисциплина од секој атлетски клуб .
- Бодувањето на екипите ќе се врши со збир на освоени бодови од WA таблицата од постигнати резултати на сите учесници . Победник е Екипата со највеќе собрани бодови , во случај на исти бодови подобра е екипата која има повеќе 1ви , 2ри , 3ти ... места .
- Клубовите мора да се известат 48 часа пред почетокот на натпреварот .
- Пионерите немаат право на учество .
- Млади младинци немаат право да учествуваат во дисциплините фрлање кладиво , ѓуле , 3000м стиплчес , 5000м .
- Трите првопласирани Екипи во Машка и Женска конкуренција на првенството добиваат медали и дипломи

## 28. ПОЕДИНЕЧНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ЗА МЛАДИНЦИ – МЛАДИНКИ

- Право на учество имаат атлетичари-ки кои во тековната година до 31ви Декември нема да наполнат 20 години .

Поединечно првенство на Македонија се одржува во две варијанти по следниве дисциплини :

**ВАРИЈАНТА А : дводневен натпревар**
МАЖИ:
ПРВ ДЕН : 100м, 400м, 1500м, 5000м, 400м пречки, 4x100м, височина,далечина, ѓуле, кладиво
ВТОР ДЕН : 200м, 800м, 3000м стиплчес, 3000м , 110м пречки, 4x400м,скок со стап ,трискок, диск, копје
ЖЕНИ:
ПРВ ДЕНА : 100м, 400м, 1500м, 400м пречки, 2000м стиплче, 4x100м, трискок, скок со стап ,диск, копје
ВТОР ДЕН : 200м, 800м, 3000м , 100м пречки, 4x400м, далечина, височина, ѓуле, кладиво

САATНИЦА

ПРВ ДЕН

| | | | |
|---|---|---|---|
| -2.00 | 400М ( Ж ) П.Ф | | |
| -1.45 | 400М ( М ) П.Ф. | | |
| -1.30 | 100М ( Ж ) П.Ф. | | |
| -1.15 | 100М ( М ) П.Ф. | | |
| 0.00 | 10КМ ОДЕЊЕ ( Ж ) | СКОК СО СТАП ( Ж ) | КЛАДИВО ( М ) |
| 1.00 | 400М ПР. ( Ж ) ГРУПИ | | |
| 1.15 | 400М ПР. ( М ) ГРУПИ | ТРИСКОК ( Ж ) | ДИСК ( Ж ) |
| 1.30 | 100М ( Ж ) ФИНАЛЕ | | |
| 1.35 | 100М ( М ) ФИНАЛЕ | ВИСОЧИНА( М ) | ЃУЛЕ ( М ) |
| 1.40 | 1500М ( Ж ) ГРУПИ | | |
| 1.50 | 1500М ( М ) ГРУПИ | | |
| 2.00 | 400М ( Ж ) ФИНАЛЕ | | |
| 2.05 | 400М ( М ) ФИНАЛЕ | ДАЛЕЧИНА ( М ) | КОПЈЕ ( Ж ) |
| 2.10 | 5000М ( М ) | | |
| 2.35 | 2000 СТИПЛ ( Ж ) | | |
| 2.50 | 4Х100М ( Ж ) ГРУПИ | | |
| 3.00 | 4Х100М ( М ) ГРУПИ | | |

ВТОР ДЕН

| | | | |
|---|---|---|---|
| -1.30 | 200М ( Ж ) П.Ф. | | |
| -1.15 | 200М ( М ) П.Ф. | | |
| 0.00 | 10КМ ОДЕЊЕ ( М ) | СКОК СО СТАП ( М ) | КЛАДИВО ( Ж ) |
| 1.00 | 110М ПР. ( М ) ГРУПИ | | |
| 1.15 | 100М ПР. ( Ж ) ГРУПИ | ТРИСКОК ( М ) | ДИСК ( М ) |
| 1.30 | 200М ( Ж ) ФИНАЛЕ | | |
| 1.35 | 200М ( М ) ФИНАЛЕ | ВИСОЧИНА( Ж ) | КОПЈЕ ( М ) |
| 1.40 | 800М ( М ) ГРУПИ | | |
| 1.50 | 800М ( Ж ) ГРУПИ | | |
| 2.00 | 3000М ( Ж ) | ДАЛЕЧИНА ( Ж ) | ЃУЛЕ ( Ж ) |
| 2.15 | 3000М ( М ) | | |
| 2.40 | 3000 СТИПЛ ( М ) | | |
| 3.00 | 4Х400М ( Ж ) ГРУПИ | | |
| 3.10 | 4Х400М ( М ) ГРУПИ | | |

**ВАРИЈАНТА Б : еднодневен натпревар**

МАЖИ:
Парна година; 200м, 400м, 800м, 3000м стиплчес, 110м пречки, 4x400м, далечина, височина, диск, кладиво, копје
Непарна година; 100м, 400м, 1500м, 5000м, 400м пречки, 4x100м, височина, трискок, ѓуле, копје

ЖЕНИ :
Парна година; 100м, 800м, 3000м, 400м пречки, 4x400м, трискок, височина, ѓуле, кладиво, копје
Непарна година; 200м, 400м, 1500м, 3000м стиплчес, 100м пречки, 4x100м, далечина, височина, диск, копје

Тежина на справи : диск: 1.750 , ѓуле: 6.000 , кладиво: 6.000

- Во случај на повеќе пријавени натпреварувачи во одредени дисциплини организаторот во договор со Техничкиот делегат на натпреварот го задржува правото на одлука за одржување на квалификации .
- Клубовите мора да се известени 48 часа пред почетокот на натпреварот .
- Пионерите немаат право на учество во дисциплините : Ѓуле и Кладиво .
- Трите првопласирани на првенството добиваат медали и дипломи

## 29. ПОЕДИНЕЧНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ЗА МЛАДИ МЛАДИНЦИ-КИ

- Право на учество имаат атлетичари кои во тековната година до 31 ви Декември не наполнат 18 години .

САТНИЦА

